Секој е
нормален
*додека не го*
**ЗАПОЗНАЕШ**



Џон Ортберг

# Секој е нормален додека не го ЗАПОЗНАЕШ

Џон Ортберг
СЕКОЈ Е НОРМАЛЕН ДОДЕКА НЕ ГО ЗАПОЗНАЕШ

Наслов на оригиналот:
Everybody's Normal Till You Get to Know Them
John Ortberg

***Превод:***
Весна Станковска

***Јазична редакција:***
Дениз Тесторидес

***Дизајн на корицата:***
Александра Брајовиќ

***Техничко уредување:***
Мелита Томовска

***Издава***
АИК „Знаци на времето“ - Скопје
ул. Влае бр. 42

***За издавачот***
Михајло Гурев

***Печати***
Маринг - Скопје

ISBN 978-9989-659-77-5

# СОДРЖИНА

**ДЕЛ 1:**
**»НОРМАЛЕН? ТАКВО НЕШТО НЕ ПОСТОИ, ДРАГА МОЈА«**

1. Дилемата на бодликавото прасе
**9**

2. Чудо на единството
**25**

3. Дружината на рогозината: Вистинско пријателство
**44**

**ДЕЛ 2:**
**КАКО ДА СЕ ЗБЛИЖИШ, А ДА НЕ БИДЕШ ПОВРЕДЕН**

4. Лица без маски: Веродостојност
**67**

5. Отфрли ги своите камења: Прифаќање
**91**

6. Уметноста на разбирање на луѓето: Поистоветување со другите
**108**

7. За заедницата вреди да се бориш: Судир
**130**

## ДЕЛ 3:
## ТАЈНИТЕ НА СИЛНИТЕ МЕЃУЧОВЕЧКИ ОДНОСИ

8. Духовна хирургија: Проштавање

**155**

9. Дар што никој не го сака: Соочување

**177**

10. Уривање на пречките: Вклучување

**193**

11. Тајна на срцето кое сака: Благодарност

**213**

12. Конечно нормален: Небо

**229**

## ЛИТЕРАТУРА

**246**

## ДЕЛ 1

# »НОРМАЛЕН? ТАКВО НЕШТО НЕ ПОСТОИ!«

ГЛАВА 1

# ДИЛЕМАТА НА БОДЛИКАВОТО ПРАСЕ

*За да почнеме од таму каде што сме, мораме да сфатиме дека нашиот свет не е непроменлив, туку само вообичаен во сегашниот момент.*
*Далас Вилард*

*Заедницата е место на кое постои личност со која најмалку сакате да живеете.*
*Хенри Нувен*

Во некои продавници постојат оддели кои своите производи ги нудат по многу ниски цени. Ќе најдете посебна етикета со предупредување на сите артикли што се наоѓаат на тоа место. На секоја етикета се испишани истите збоови: Такво е какво што е.

Тоа е начин на кој се кажува ублажено: „Овој производ е со грешка“. Понекогаш таквиот производ се нарекува и малку неисправен производ. Продавницата дава чесно предупредување: „Ова е оддел за нешто што не е целосно во ред. Овде ќе најдете некој недостаток: дамка која не можеме да ја отстраниме; патент кој не може да се затвори; копче кое не можете да го закопчате – ќе има проблеми. Овие артикли не се вообичаени“.

„Нема да ви кажеме каде се наоѓа недостатокот. Ќе морате да го побарате сами.“

„Меѓутоа, ние знаеме дека тој е тука. Затоа кога ќе го најдете, а ќе го најдете сигурно, немојте да ни доаѓате и да се жалите и плачете. Во овој дел од продавницата постои основно правило при постапувањето со производите. Нема враќање на производот. Нема враќање на парите. Нема замена. Ако барате совршенство, се упативте по погрешен премин меѓу тезгите. Добивте чесно предупредување. Ако го сакате овој производ, постои само еден начин да го добиете. Морате да го земете таков каков што е."

Кога имате работа со човечки суштества, тоа значи дека сте во оној агол од вселената во кое важи правилото „такво е какво што е". Размислете за момент за некој во својот живот. Можеби за личноста која најдобро ја познавате, која најмногу ја сакате. Таа личност е малку неисправна.

Таа личност носи мала етикета: *Се работи за човек со мана. Карактерна црта – склоност кон измама, суров јазик, пасивен дух, неконтролиран карактер. Нема да ви кажам што е, но постои. Значи, кога ќе ја пронајдете маната, а ќе ја пронајдете сигурно, немојте да се изненадите. Ако сакате да склопите пријателство со овој човек, за тоа постои само еден начин: „Таков е каков што е".*

Ако сте барале совршенство, сте тргнале по погрешен премин меѓу тезгите.

Во искушение сме да живееме во илузија дека таму некаде луѓето нормално се однесуваат и живеат. Во филмот „Добро што не може да биде подобро", Хелена Хант ја измачува двојното чувство спрема Џек Николсон. Тој е добар и великодушен спрема неа и спрема нејзиниот болен син, но исто така има страв од јавни места, склон е кон агресија и ги навредува луѓето до крајни граници: кога грубоста би се мерела во квадратни километри, таа би била голема колку Тексас. Хелен на крајот ѝ се жали на својата мајка: *„Сè што сакам е нормално момче".*

*„О"*, ѝ одговара нејзината мајка со целосно разбирање, *„секој сака некој таков. Но, некој таков не постои, драга моја".*

Кога склопуваме пријателство обземени со илузијата дека луѓето се нормални, се спротивставуваме на вистината дека тие не се тоа. Се впуштаме во бесконечни обиди да ги смениме, да ги надгледуваме или се преправаме дека мислиме дека се она што не се. Една од големите одлики на зрелоста е да се прифати фактот дека секој „е таков каков што е".

Дитрих Бонхофер рекол дека луѓето стапуваат во меѓусебни врски со своите сопствени и посебни идеали и соништа за тоа како би требало да изгледа заедницата. Тој ги напишал следниве изненадувачки зборови:

„Но Божјата милост набрзо ги осуетува сите такви соништа. Големото разочарување во другите, во христијаните воопшто и, ако имаме среќа, во нас самите, имаат сигурно задача да нè скршат, затоа што исто така сигурно Бог сака да ја разбереме вистинската христијанска заедница... Колку порано ќе дојде моментот на ова разочарување кај некој поединец од заедницата, толку подобро за двајцата... Оние кои го сакаат својот сон за христијанската заедница повеќе од самата заедница стануваат уништувачи на таа христијанска заедница, иако нивните намери можеби секогаш биле чесни, сериозни и пожртвувани“.

## Секој е чуден

*Секако, најдобриот дел од ова е и јас да сум во одделот „такво е какво што е“. Во текот на целата историја човечките суштества се спротивставувале да ја признаат таа мала етикета. Ние се обидуваме да го поделиме светот на нормални, здрави луѓе (какви што сме и ние) и на тешки луѓе. Пред извесно време насловот на една статија во едно списание ми го привлече вниманието: „Сосем нормалните жени ги шпионираат своите бивши момчиња“.*

Изразот кој ме привлече беше „нормални жени“. Како изгледа некоја од нив (или сосем нормален маж, кога сме веќе кај тоа)? И ако опсесивното шпионирање на бившиот љубовник не е само нормално туку и сосем нормално, колку далеку би требало некој да оди за да стане малку чуден?

Сите сакаме да изгледаме нормално, за себе да мислиме дека сме здрави и прифатливи, но пишувачите на Светото писмо тврдат дека никој не е „целосно нормален“, дури не онака како што Бог го определува тој збор. „Сите ние како овци скитавме“, ни велат тие. „Сите згрешија и ја изгубија славата Божја“.

Ова објаснува едно многу важно гледиште од првите страници на Светото писмо.

Една од најироничните забелешки за Библијата, кои ги слушам одвреме–навреме, се појавува тогаш кога некој вели дека тоа е книга за побожни личности слични на оние како на витраж или фрески кои не го одразуваат реалниот свет.

Секогаш знам дека тоа значи дека не ја ни читале. Дали сте забележале колку проблематични семејства има Првата книга Мојсеева?

Еве краток преглед:

- Каин е љубоморен на Авел и го убива. Ламех ја воведува полигамијата во светот. Ное, најправедниот човек на својот род, се опива и го проколнува својот син и неговото потомство.
- Лот, кога домот му го опколиле жителите на Содома кои сакале да ги силуваат неговите гости, наместо нив им ги понудил своите ќерки. Подоцна неговите ќерки го опиваат и остануваат бремени од него, а Лот е најправедниот човек во Содома!
- Аврам има својот син – миленик, па затоа Исак и Исмаил се отуѓуваат еден од друг.
- Исак го бира својот син-миленик помеѓу Јаков и Исав; тие се лути непријатели дваесет години. Јаков го бира миленикот меѓу Јосиф и другите свои синови; браќата сакаат да го убијат Јосиф и на крајот го продаваат како роб.

Нивните бракови се исполнети со тешки проблеми:

- Аврам ја изневерува својата жена со нејзината слугинка, а потоа слугинката и нејзиниот син, на барање на својата жена, ги протерува од својот дом во пустината. Исак и Ребека имаат несогласувања околу тоа кој нивни син ќе добие благослов. Јаков стапува во брак со две жени, а и двете нивни слугинки му стануваат љубовници, затоа што тоа е резултат на натпревар во плодноста.
- Рувим, првенецот на Јаков, спие со љубовницата на својот татко.
- Вториот син, Јуда, спие со својата снаа кога таа се преправила како проститутка. Таа тоа го прави затоа што нема деца бидејќи нејзините двајца претходни мажи, и обајцата биле синови на Јуда, биле толку зли што Бог им го одзел животот, а Јуда не ги исполнил своите обврски спрема неа.

На овие луѓе сигурно им бил потребен психијатар.

Ова не се Валтони („Валтони" е американска ТВ-серија за едно семејство кое живеело на планината Валтон во државата Вирџинија

и кое се борело да живее чесно за време на големата депресија и во Втората светска војна). Ним им бил потребен некој како д-р Фил, д-р Лаура, д-р Рута, д-р Спок, д-р Сеус – ним им е потребна поддршка. (Дали се чувствувате подобро кога е во прашање вашето семејство?)

Зошто писателот на Првата книга Мојсеева го внесува сиов овој материјал?

Постои многу важна причина. Писателот се обидува да воспостави длабока теолошка вистина: *Секој е чуден.*

Секој од нас – *сите ние сме како овци* – има навики кои не може да ги контролира, дела направени во минатото кои не може да ги исправи, мани кои не може да ги совлада. Тоа е поделба на улогите со кои Бог мора да работи. Онака како што стаклото е подготвено да се распрсне и нитроглицеринот да експлодира, и ние сме подготвени да го правиме неисправното кога условите се исправни. Таа подготвеност е она што теолозите го нарекуваат „изопаченост“. Ние лажеме и ја жртвуваме честа поради мали суми пари. („Не ми е јасно, полицаецу, најверојатно брзинометарот ми е расипан“.) Озборуваме поради неколку мигови кои нè исполнуваат со чувство на надмоќ. Се обидуваме да создадеме лажен впечаток дека сме многу успешни на работа за да можеме побрзо да напредуваме. (Нов софтверски пакет ви овозможува на работа да пребарувате на интернет, а потоа со еден клик да се префрлите на лажниот екран кој остава впечаток дека работите на проект; тој се нарекува „екран на газдата“ ). Се трудиме да ги заплашиме своите работници или деца за да имаме контрола над нив или едноставно за да уживаме во чувството на надмоќ.

*Секој е чуден.* Ова е многу темелно сознание и можеби ќе посакате за момент да ја затворите оваа книга и да ја споделите оваа мисла со најблиската личност. Или со личноста на која тоа најмногу ве потсетува. Или можеби тоа е истата личност.

Бидејќи сите во своето срце знаеме дека не треба да бидеме такви, се обидуваме да ја скриеме својата необичност. Секој од нас се прави дека е поздрав и подобар отколку што навистина е; сите се занимаваме со нешто што би можело да се нарече „раководење или управување на изопаченоста“.

Тука и таму нечија етикета „дека е таков каков што е“ станува возвишена биографија. Историчарот, добитник на Пулицерова награда, е

виновен за плагијат; кариерата на некој политичар се урива во сексуален скандал; моќниот извршен директор срамно поднесува оставка поради илегално уништување на документите. Она што изненадува не е дека таквите работи се случуваат, туку дека одговорот на целата јавност е: „Не можам да верувам! А изгледаа толку *нормално*". Небаре ти и јас, секако, не сме во состојба така да се однесуваме.

**Секој од нас се прави дека е поздрав и подобар отколку што е; сите се занимаваме со нешто што би можело да се нарече „управување на изопаченоста".**

Проблемот на човечкиот род не е во тоа што има неколку гнили јаболка во својата средина. Авторите кои се занимаваат со психологија на необичните имаат тешка задача да ја направат разликата меѓу необичните и нормалните меѓу нас. Една од опасностите што се наметнува при проучувањето на оваа тематика, која понекогаш се нарекува „интерен синдром", се гледа во фактот дека студентите почнуваат да се препознаваат себеси во секоја дијагноза.

„Речиси да нема некој кој нема скриени тајни сомнежи за својата обичност", се вели во еден учебник кој се појави неодамна. Меѓутоа, писателите во Писмото велат дека кога се работи за најважниот и најраспространет облик на патологија, сите спаѓаме во иста дијагностичка категорија: „Сите ние како овци скитавме..." Од духовна перспектива „нашите тајни сомнежи за нашата нормалност" имаат нешто важно да ни кажат. Нил Плантинга за тоа вели вака: „Во библиски поглед на светот, гревот е познат, дури и предвидлив дел од животот, но *не е нормален*. Фактот дека 'сите го прават тоа' не го прави нормален".

Од времето на Адам во Едем, гревот и криењето се неизбежни како што се смртта и данокот. Некои луѓе прилично вешто се кријат. Но чудноста сепак е тука. Ако се зближиш доволно со некој, ќе ја забележиш таа појава. *Секој е нормален додека не го запознаеш.*

## Копнеж за врска

Но сепак...

Копнежот за дружење и воспоставување врски, да се сака и да биде сакан, претставува најсилен копнеж на душата. Нашата потреба да

бидеме во заедница со луѓето и со Бога кој нè создал, за човечкиот дух е исто она како што се храната, воздухот и водата за човечкото тело. Таа потреба нема да исчезне дури и кога ќе се соочи и со своето непознавање. Таа нè обележува од градинка до дом за стари лица. Бебето го подига своето главче во надеж, тоа ги пружа своите полнички рачиња во желба некој да ги прифати, тоа се смее одушевено кога некој ќе го подигне и ќе го залула - чие срце тогаш нема да се стопи?

На другиот крај од спектарот, вдовецот, татко на еден мој познајник, се заљубува во жена од својата црква. Тој ја бара за жена, таа прифаќа. Тие одат заедно меѓу редовите на клупите во црквата. Тој има осумдесет и четири години и е лекар во пензија; таа има осумдесет и една година, и е мисионерка во пензија. Нејзе тоа ѝ е прв брак. Од состаноци со момчиња се простила уште од времето на Трумановата администрација. Ќе помислите дека таа кренала раце од бракот воопшто; но сепак, не само што го наоѓа господинот „Вистински“, туку тој е и д-р „Вистински“. Старосната линија на новопечените младоженци ја надминале за шест децении.

Колку и да можат да бидат луѓето фрустрирани, тешко може да најдат добра замена. Еден мој пријател нарачал појадок на своето неодамнешно патување кон југ. На менито видел зобена каша, а бидејќи е Холанѓанин кој поголем дел од својот живот го минал во Мичиген, никогаш не успеал да ја запознае природата на ова јадење. Затоа ја запрашал келнерката: „Што е тоа всушност ’грит’ (зрнце) (грит = зрнце песок, гритс = зобена каша, еднина и множина)“.

Нејзиниот одговор бил мошне примерен. „Душо“, му се обратила (на југ од келнерката со закон се бара на сите муштерии да им се обраќа со „душо“), „душо, тоа не оди одделно“.

Зрната не постојат изолирано. Ниту едно зрнце не е остров, доволно само на себе. Секое зрно е дел од копното, дел од целината. Не можете да порачате едно зрно зоб. Се нарачува одредена количина.

„Наречи го тоа клан, наречи го племе, наречи го мрежа, наречи го семејство“, вели Џејн Хауард. „Како и да го наречеш, кој и да си, потребен ти е некој“. Не е добро за човекот да биде сам. Далас Вилард вели: „Природната состојба на животот за човечките суштества е заемната вкоренетост во другите“. Душо, ти не одиш одделно.

Едвард Халовел, постар предавач на Медицинскиот факултет во Хардвард, зборува за основната човечка потреба за заедница. Тој го користи изразот врска: чувство дека сме дел од нешто што е важно, нешто што е поголемо од нас самите. Нам ни се потребни интеракции лице в лице; потребно ни е да бидеме видени и познавани и тоа истото да го правиме за другите. Ние имаме потреба да се врзуваме за другите со ветувања за љубовта и да ветиме и да го одржиме тоа ветување. Овие врски вклучуваат други луѓе, секако (а особено Бог); но Халовел забележува дека луѓето црпат живот дури и од врските со домашните миленичиња, музиката или природата.

**Нашата потреба да бидеме во заедница со луѓето и со Бога кој нè создал, за човечкиот дух е исто она што се храната, воздухот и водата за човечкото тело.**

Постои причина за ова. Нил Плантинг забележува дека еврејските пророци имале еден збор за тој вид поврзаност на сите поими: шалом е – „здружување на Бога, на човечките суштества и сè што е создадено во правда, исполнетост и радост“. *Обидете се да замислите,* им зборувале старите пророци на луѓето тогаш, а и нам сè уште ни зборуваат, *како таквата состојба на работите ќе изгледа.*

Во светот во кој би преовладувал шалом, сите бракови би биле среќни, а сите деца безбедни. Оние кои имаат премногу би им давале на оние кои имаат премалку. Израелските и палестински деца заедно би си играле на Западниот брег; нивните родители би граделе домови едни за други. Во канцелариите и салите за состаноци на големите корпорации извршителите тајно би ковале планови да им помогнат на своите колеги да успеат; зад грб би им деле комплименти. Таблоидите би биле преполни со извештаи за храброст и морална убавина. Ток-шоу програмите би ги претставувале мајките и ќерките кои заемно се сакаат, жените кои на своите мажи им раѓаат деца и мажите кои тајно уживаат да се облекуваат како мажи.

Недоразбирањата би биле решавани љубезно и цивилизирано. И понатаму можеби би имало адвокати, но тие би извршувале навистина полезни работи како што е испорачување пијалаци, кои би биле

без масти и со ниска содржина на холестерол. Вратите не би имале брави, автомобилите би немале аларми. Во училиштата повеќе не би имало потреба да дежураат полицајци ниту да има дежурни по ходниците; студентите, предавачите и домарите би ја почитувале и подобро би ја вреднувале работата еден на друг. На распуст секое момче ќе биде избрано во тимот.

Црквите никогаш не би се делеле.

Луѓето ниту би се досадувале ниту би брзале. Ниту еден татко никогаш не би му рекол на своето разочарано дете дека е „презафатен“. Нашиот национален дефицит во спиење би бил исплатен. Кафулињата „Старбакс“ („Старбакс“ е голем мултинационален синџир на продавници во кои се служи кафе и печива; во САД има репутација на центри за дружење, посебно меѓу студентите и младите урбани професионалци) и понатаму би постоеле, но би продавале само кафе без кофеин. Судските палати за развод и засолништата за претепани жени би биле претворени во друштвени центри за рекреација. Секогаш кога едно човечко срце би било допрено од друго, тоа би било направено со цел да се изрази охрабрување, љубов и радост.

**Така би изгледале доколку живеевме според Божјите норми поставени за човечкиот живот - ако нашиот свет е навистина нормален. Еден ден и тоа ќе биде.**

Никој не би бил ниту осамен ниту уплашен. Луѓето од различни раси би се фатиле за раце; би се почитувале и би биле збогатени со меѓусебните разлики или би биле соединети во својата заедничка човечност.

Во центарот на целокупното човечко општество би бил неговиот величествен Архитект и најславниот жител – Бог, чиешто присуство го исполнува секој човек со бескрајна слава и со сè поголема радост.

Пишувачите на Светото писмо истакнуваат дека би требало да биде вака, како во оваа визија. Така би изгледале ако живееме во согласност со Божјите норми поставени за човечкиот живот – ако нашиот свет е навистина *целосно нормален*. Еден ден тоа и ќе биде.

## Прашање за животот и смртта

Дитрих Бонхофер напишал: „Секој кој не може да поднесе да биде во друштво, нека се чува од самотија“. Некои луѓе се плашат дека ќе бидат повредени или дека ќе ја загубат својата слобода ако премногу се зближат со другите, па затоа се повлекуваат само на работа или на хоби или на гледање телевизија. Меѓутоа, ниту изолацијата не им одговара. Не дојдов на овој свет сам и по своја волја. И мојот идентитет и целта на постоењето се нераскинливо поврзани со односите со другите луѓе: јас сум син на Џон Постариот и на Кети, брат на Барби и на Берта, маж на Ненси, татко на Лора, Малори и на Џон. Јас сум пастор, пријател, сосед. Јас не сум поставен на оваа земја само за да ги задоволувам своите потреби и да се забавувам себеси. И луѓето кои се стремат да живеат само за себе, вели Бонхофер, „скокаат во амбис на суетност, самозалажување и очај“. Сите ние сме зрнца кои ја прават „овесната каша“. Душо, ние не одиме одделно!

Таа поврзаност исто така се нарекува „меѓусебна вкоренетост“. Ние сме создадени да црпиме живот и храна еден од друг онака како што коренот на некој даб црпи живот од почвата. Заедницата, односно живеењето во важната поврзаност со другите, е суштинска за човечкиот живот. Истражувачот Рене Спиц докажал дека децата кои не се држени во прегратка, кои не се прегрнувани и допирани, дури иако имале родители кои им давале храна и облека, страдаат од ретардиран невролошки развој. Исто така, најновите студии за самоубиствата покажуваат дека главниот фактор за ризикот од оваа појава е социјалната изолација.

Најважната причина за барање и остварување на длабоки социјални врски не се физички или емоционални благодати што ги донесуваат, колку и да бидат големи тие. Заедницата е место на кое Господ се среќава со нас.

## Како да се зближиш, а да не бидеш повреден?

Во тоа е суштината: Како и понатаму да истраеш при остварување на овој прекрасен сон за заедница со вистински луѓе од реалниот живот? Со чудни, невообичаени, такви какви што се, неделотворни луѓе?

Со твоите пријатели, со твоите колеги, со твојот сопружник, со твоите деца, со твоите родители, со твојата мала група, со твојата црква, со твоите соработници? Може ли тоа навистина да се случи?

Обичното северноамериканско бодликаво прасе е припадник на семејството глодачи, кое има околу 30.000 боцки на своето тело. Секоја боцка може да се зарие во телото на непријателот, а топлината на телото на непријателот ќе направи микроскопската боцка да се надуе и уште поцврсто да се зарие. Раните можат да загнојат; најопасни се оние кои ќе погодат некој орган и последиците можат да бидат фатални.

Бодликавото прасе не се смета за мило животно. Латинското име (*erethizon dorsatum*) „раздразлив грб" и сите тие навистина и ги имаат.

**Тоа е дилемата на бодликавото прасе: Како да се зближиш, а да не бидеш повреден? Тоа е и нашата дилема.**

Во книгите и филмовите се слават речиси сите животни, не само кучиња, мачки и коњи, туку и прасиња, пајаци, делфини, мечки, кито-ви-убијци, па дури и творови. Не ми е познато некое славно бодликаво прасе. Не знам ниту едно дете кое го чува како домашно милениче.

Како општо правило, бодликавите прасиња имаат две методи за постапување при меѓусебните односи: повлекување или напад. Тие или се упатуваат кон некое дрво или ги накострешуваат своите боцки. Тие, главно, се осамени животни. Волците трчаат во глутница; овците се собираат во стадо; зборуваме за група слонови и јата гуски или гаврани. Но нема посебно име за група бодликави прасиња. Тие патуваат сами.

Бодликавите прасиња не сакаат секогаш да бидат сами. Во доцна есен мислите на младото бодликаво прасе се претвораат во љубов. Меѓутоа, се утврдува дека љубовта е опасна работа за бодликавото прасе. Женките се подготвени да излезат на вечера и во кино само еднаш годишно; вратата на можностите брзо се затвора. Кога девојката на бодликавото прасе вели „не", тогаш тоа е најчесното одбивање во целото животинско царство. Стравот и лутината ги прават опасни мали суштества кои не се многу друштвени.

Еве ја дилемата на бодликавото прасе: Како да се зближиш, а да не бидеш повреден?

Тоа е и наша дилема. Секој од нас го носи својот мал арсенал. Нашите боцки имаат имиња, како што се: одбивање, осудување, лутење, ароганција, себичност, завист, презир. Некои луѓе подобро ги кријат од другите, но пријдете им доволно блиску и ќе видите дека се тука. Тие се кријат под кожата на нашите непријатели, тие можат да повредат и да предизвикаат гноење, па дури и да убијат. И ние учиме да преживуваме со комбинирање меѓу повлекување и напаѓање. И ние можеме да се видиме себеси како ги повредуваме оние (и како нè повредуваат оние) со кои сакаме да бидеме најблиски. Но, сепак, и ние сакаме да се зближиме. Се среќаваме со соседите, одиме на состаноци, стануваме верници на црквата, создаваме пријателства, склопуваме брак, раѓаме деца. Се обидуваме да сфатиме како да се зближиме, а да не бидеме повредени. Се прашуваме дали таму некаде постои некој понежен, некое суштество што боцка помалку – ласица или можеби видра.

Секако, обично можеме да се сетиме на многу бодликави прасиња во својот живот. Меѓутоа, проблемот не е само во нив. И јас сум за некого бодликаво прасе. А и ти си.

## Напад и повлекување

Едно неделно попладне додека ги пишував овие зборови, судирот на Блискиот Исток повторно започна да врие. Ми остави впечаток тоа што во денешните утрински весници два збора од тој регион му станаа познати на Западот. Тие зборови изразуваат единствени два начина за решавање на меѓусебни проблеми, како што го гледаат тоа многу луѓе моментално вмешани во нив. Првиот збор е арапскиот збор *џихад*.

Џихад – света војна. Тоа е единствен начин.

Она што го гледаме во пукањето од автомобилите кои возат брзо и бомбашите самоубијци е само конечен резултат на гневот кој постои во срцето на секој од нас. Повредени сме и сакаме да возвратиме со тоа што и ние ќе ги повредиме другите. Малите *џихади* секојдневно се одвиваат меѓу луѓето кои работат заедно во иста канцеларија, меѓу луѓето кои водат мали групи во иста црква; меѓу мажите и жените, меѓу родителите и децата. Вакви *„војни“* се движат наназад сè до Каин и

Авел: „Но, кога беа во полето, скокна Каин на Авел, на својот брат, и го уби“.

Друг збор е еврејски збор, *хафрада. Хафрада* е збор кој означува одвојување и повлекување. Еден извештај во весник ја објаснува таа политика: „Ѕидот на Западниот брег спречува повеќемина... да општат со оние од другата страна. Сето тоа е наметнато со помош на далеку понадмоќна воена сила“.

И нам ѕидовите ни се познати. Берлинскиот ѕид и железната завеса се изрази за иста идеја која предизвикува сите да се повлечеме и да се воздржиме. Понекогаш распосланите весници на масата додека појадувате се она што ја изразува емоционалната оддалеченост која не можеме да ја премостиме. Одвојувањето е старо колку што се стари Адам и Ева: „Го слушнав Твојот глас во градината и се исплашив,.. и затоа се сокрив“.

Следново се случи на почетокот од мојот брак. Мојата сопруга ги донесе нашите три деца во мојата канцеларија. Разговарам со неа за општи теми како што е темата *мојот живот е потежок од твојот живот, па затоа ти треба повеќе да ми служиш*. Не ми оди многу добро. Јас не ја напаѓам вербално; само создавам дистанција. Обрнувам помало внимание на неа, а малку поголемо внимание на децата. Трошам малку повеќе енергија на нив отколку обично. Неа ниту ја гледам ниту ја допирам, како што тоа сум го правел, иако сум човечен и учтив. Кога некого добро го познавате, можете точно да го дозирате тоа однесување. Доволно сум ладен, така што таа брзо може да го почувствува моето незадоволство. Меѓутоа, доволно е суптилна кога прашува „Што не е во ред?“, така што можам да ѝ одговорам „Ништо“. „Зошто, што ти е?“ Мене повлекувањето ми е добро познато.

**Чудо над чудата: меѓусебниот однос се воспоставува - дури и кај бодликавите прасиња.**

*Џихад и хафрада*. Напад и повлекување. Иронично е што Блискиот Исток – лулката на многу големи светски религии – во наследство ги остава овие два збора кои се вградуваат во уметноста на меѓучовечките односи.

Ова не се само проблеми на популацијата во оддалечените делови од светот кои ги

раскинуваат судирите. Далас Вилард пишува дека нападот и повлекувањето се два важни облика на дејствување на гревот во меѓучовечките односи. Ние ги напаѓаме другите кога го правиме она што е против нивното добро. Ова важи и кога тоа се случува со нивна дозвола – кога му даваме на некој алкохоличар виски, на пример. Не се повлекуваме пред некого кога сметаме дека неговото добро за нас е нешто спрема кое сме рамнодушни. Нападот и повлекувањето ги практикува секое човечко суштество на оваа планета, а тие го уништуваат и бракот, и семејството, и работното место и црквата.

Во корен, тоа се два израза на еден голем грев кој се искажува како недостиг од љубов, како кршење на една голема заповед. Сите наши лоши меѓучовечки односи се всушност варијација на овие две тенденции на затврднато човечко срце. Кога ќе се почувствуваме загрозени, сакаме да ги повредиме другите или да се скриеме од нив. Тогаш се упатуваме кон некое дрво или ги накострешуваме своите боцки.

Меѓутоа, има и подобар начин.

Реалноста не мора да биде таква.

## Танцот на бодликавите прасиња

Чудо над чудата. Меѓусебниот однос се воспоставува – дури и кај бодликавите прасиња. Во ретки случаи, едно бодликаво прасе ќе го сподели просторот со друго и меѓусебно ќе се спријателат. Многу ретко, прасето одгледано во кафез ќе јаде непосредно од човечка рака. Бодликавите прасиња учат своите боцки да ги задржат за себе. Не само тоа, тие можат да го откријат начинот да се дружат доволно долго и така да го обезбедат доаѓањето на следната генерација. Во еден сликовит опис, кој е многу убав затоа што не е измислен, научникот Дејвид Костело пишува: „Мажјаците и женките остануваат заедно неколку дена пред парењето. Се случува да се допираат со муцките, па дури и да одат на своите задни нозе при таканаречениот 'танц на бодликавите прасиња'".

Единствено Бог може да научи две бодликави прасиња да играат фокстрот шепа со шепа, што никој освен нив и Него нема да го сфати. Испаѓа дека навистина постои одговор на старото прашање како бод-

ликавите прасиња водат љубов. Тие ги вовлекуваат своите боцки и научуваат да играат.

Бодликавото прасе научи дека тоа и неговиот партнер „се такви кави што се". Како луѓето. Значи, ова не е книга за тоа како нормалните луѓе да научат да се однесуваат спрема чудните луѓе. Оваа книга не е воопшто за нормалните луѓе. ***Такво нешто не постои, драги мои,*** уште од падот во грев.

Ова е книга за тоа како несовршените луѓе, како ти и јас, можат да живеат во заедница со други несовршени луѓе. Ова е книга за тоа како бодликавите прасиња учат да танцуваат. Ќе мора значи да почнете од вистинското бодликаво прасе, токму тука во својот живот.

Пишувачите на Светото писмо зборуваат за Божјиот сон за заедница, најнапред кога станува збор за црквата. Тоа ја опфаќа месната црква со нивните богослуженија и програми. Но, Божјиот сон за заедница опфаќа спасение во сите сфери од животот, дури и го опфаќа начинот на кој се однесувате спрема своето семејство, пријателите, соседите и соработниците, луѓето со кои играте тенис или одите на пазарување, со човекот кој седи на каса кога ќе застанете да наполните резервоар со бензин и набрзина нешто да испиете за освежување. Затоа, се надевам дека оваа книга нема да ја читате сами. Се надевам дека ќе ја читате со луѓето од својата мала група. Се надевам дека ќе ја читате со некој пријател, или со својот сопружник или со некој од своето семејство за да можете заедно да смислите како да изградите заедница каква што Бог создал за вас.

Бог не се откажал од своите желби, а ти и јас имаме одредена улога која треба да ја одиграме при нејзиното остварување. Наша задача е да создадеме мали острови на *шалом* во морето на изолација.

Време е да ги вовлечеш своите боцки и да почнеш да танцуваш.

## Научи да танцуваш:

1. Кој меѓучовечки однос во својот живот треба да го прифатиш „таков каков што е" и да престанеш да го контролираш или да го менуваш?

2. Зошто ти е тешко да ја признаеш својата етикета „таков е каков што е"? Како се обидуваш да ја сокриеш својата „чудност", ангажирајќи се во „раководењето/управувањето со изопаченоста"?
3. Дитрих Бонхофер зборувал за потребата да бидеме без илузии кога ќе ја прифатиме реалноста на доброто и лошото во заедницата. Кога остана без илузии во некој меѓучовечки однос? Како реагираше?
4. Од двата облика во меѓучовечките односи – нападот и повлекувањето, кој попрво ќе го примениш? Зошто? Каков е вообичаениот резултат?
5. Дилемата на бодликавото прасе е да се приближиш кон некој, а да не бидеш повреден. Како реагираш кога ќе почувствуваш дека некој те повредил?
6. Божјата конечна желба за светот е шалом: „Здружување на Бога со човечките суштества и на сè што е создадено во правда, исполнетост и радост". Кој е тоа чекор што би можел да го преземеш за да придонесеш за шалом во својот мал свет?
7. Размисли за едно или за две бодликави прасиња на кои би сакал да им се приближиш – на некој пријател, соработник, на некој во твојата мала група или на некој член во семејството. Како можеш да почнеш да го продлабочуваш тој однос?

ГЛАВА 2

# ЧУДО НА ЕДИНСТВОТО

*Божјата цел во човековата историја се покажува во создавање заедница на љубезни поединци, која е подготвена да прифаќа и во која Тој самиот е прифатен како нејзин прв одржувач и најславен жител.*

*Далас Вилард*

*Сиот живот е средба.*

*Мартин Бјубер*

Постои една мала книга која се вика „Книга според која сè би можело да биде подобро", според која децата од основно училиште се обидуваат да решат некои од најзамрсените светски проблеми: што да се прави со озонската обвивка и како да им се помогне на луѓето да престанат да пушат. Еве го најтешкото прашање:

„Меѓу милијардите луѓе во светот некој би требало да биде во состојба да го смисли системот според кој никој не би бил осамен. Што предлагаш ти?"

„Луѓето би требало да пронајдат осамени луѓе и да ги прашаат како се викаат и каде живеат. Потоа треба да се прашаат луѓето кои не се осамени како се викаат и која е нивната адреса. Кога ќе се добие еднаков број и на овие и на оние, преку весник треба да им се доделат осамените луѓе на оние кои не се осамени". – КАЛАНИ, 8 ГОДИНИ (ОЧИГЛЕДНО Е ДЕКА ОВА ДЕВОЈЧЕ ИМА ДАРБА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА)

„Направете храна која ќе разговара со вас додека јадете. На пример таа би рекла: 'Како си? и 'Што ти се случи денес?'" – МАКС 9 ГОДИНИ

„Би можеле на луѓето да им донесеме домашно миленичe или маж или жена и да ги однесеме на различни места“

МЕТ, 8 ГОДИНИ (ОВА НÈ НАВЕДУВА ДА СЕ ЗАПРАШАМЕ КАКВО Е СФАЌАЊЕТО НА МЕТ ЗА БРАКОТ).

Но најтрогателниот одговор, оној кој може да ви го скрши срцето, доаѓа на крајот:

„Испејте некоја песна. Тропајте со нозете. Читајте некоја книга. (Понекогаш мислам дека никој не ме сака и тогаш правам нешто вакво) –

БРАЈАН, 8 ГОДИНИ

„Меѓу милијардите луѓе во светот некој би требало да биде во состојба да смисли систем во кој никој не би бил осамен.“ Со векови некои од најумните луѓе кои некогаш живееле, му се посветувале на овој проблем. Овој од Бога даден глад за заедница е причината која ги поттикнала Платон да ја напише „Република“, а Августин „Божјиот град“. Тоа е причината што толку многу наши приказни зборуваат за копнежот за остварување на заедницата – од Одисеја до планината Валтон, од Камелот до езерото Вобегон, од Мејбери (Мејбери е измислен град во Северна Каролина од една ТВ-шоу програма; се користи како назив за идиличен живот во мал град) до драмата „Децата од моето маало“. Таа е причината поради која одиме во црква, се зачленуваме во сојузите за куглање, одиме на состаноци кои други ни ги договориле.

Тоа е причината што говорот на еден Американец, кој најмногу ќе се помни од времето на дваесеттиот век, бил повик до сите човечки суштества еден ден да бидат во состојба да јадат заедно на братска маса, да се фатат за раце и да пеат некоја обична песна. Социологот Џин Елштајн забележува дека Мартин Лутер Помладиот ја досегнал совеста на општеството затоа што го разработил не само својот сон, туку и човековиот сон – Божјата желба. „Неговиот говор никогаш не би ја освоил нацијата да застанел пред споменикот на Линколн и да кажел; 'Јас имам предност. Јас денес имам лична предност'“.

## Болка поради осаменост

„Меѓу милијардите луѓе во светот некој би требало да биде во состојба да го смисли системот во кој никој не би бил осамен.“

Не постои болка која е поголема од болката што ја нанесува осаменоста. Ли Стробел пишувал за времето во кое колумнистката во „Чи-

каго трибјун", Марла Пол, признала во весникот пред неколку години: *Јас сум осамена*. „Оваа осаменост ме растажува" , пишувала таа. „Како се случи на свои 42 години да немам доволно пријатели?" Го запрашала својот маж дали со неа нешто не е во ред. Се прашувала дали можеби луѓето се презафатени за да бидат со своите пријатели. Изгледало небаре дека „квотата пријатели на секоја жена била пополнета и дека ниту една повеќе не прима нови кандидати". Се прашувала дали можеби „има жени кои не знаат колку се осамени. Многу е лесно да се исполни денот со работа... Но тоа не е доволно".

Ја завршила својата колумна вака:

„Неодамна на својата ќерка ѝ ја читав сказната 'Грдото пајче' од Кристијан Андерсен. Веднаш почувствував нешто заедничко со таа птица, која лета од едно место до друго барајќи суштества на кои им припаѓа. И на крајот ги наоѓа. Се надевам дека и јас ќе ги најдам".

Потоа пишувала за тоа како колумната неочекувано ги трогнала луѓето. Луѓето ја застанувале на работа, при пазарење, во училиштето на нејзината ќерка: „И вие? Мислев дека сум единствена". Пристигнувале писма и и од домаќинки и од извршни директори. Оваа колумна предизвикала да ѝ пристигнуваат седумпати повеќе писма од обично, а во сите нив била поставувана истата тема: *Зошто се чувствувам толку осамено? Зошто е толку тешко да најдам добри пријатели?*

Ако осаменоста е вообичаена за жените, таа во животот на мажите има карактер на епидемија. Една анкета покажала дека 90 отсто од машката популација во Америка немаат вистински пријател. Меѓутоа, ние повеќе сакаме да не зборуваме за тоа. „Никој не сака да признае дека е осамен" , пишува психијатарот Жаклина Олдс. „Осаменоста е нешто што луѓето ги поврзува со губитници". Осаменоста има толку саркастично осило, всушност, што луѓето ќе признаат дека се осамени само во анонимни анкети, но кога од нив ќе се побара да го наведат своето име, ќе речат дека се независни и дека сами себеси си се доволни.

Осаменоста е, рекла Мајка Тереза, чума на модерното општество. И никој не сака некој да дознае дека има чума.

Жан Ваније е основач на познатата заедница „Барка" ( L'Arche) за ментално хендикепирани и нивните помошници. Токму тука еден од сјајните писатели на нашето време, Хенри Нувен, го пронашол она што го издвојувало кога предавал на универзитетите како што се „Харвард"

и „Јејл“: припадноста, прифаќањето, домот. Ваније напишал: „Сите ја носиме својата длабока рана, а тоа е рана од нашата осаменост. Нам ни е тешко да бидеме сами и се обидуваме да побегнеме од тоа во хиперактивност, со помош на телевизија и на милион други начини“. Алберт Швајцер рекол: „Сите сме толку заедно, а сите умираме од осаменост“.

## Она што е навистина важно

„Меѓу милијардите луѓе во светот некој би требало да биде во состојба да смисли систем во кој никој не би бил осамен.“

Едвард Халовел пишува дека за повеќето луѓе двете најсилни искуства во животот се *постигнување* и *поврзување*. Многу работи што ни го привлекуваат вниманието и бараат од нас да вложиме енергија може да се подреди во овие две категории.

*Поврзувањето* е во врска со нашиот свет во меѓучовечките односи – како што се заљубувањето, создавањето големи пријателства, грижата за нас кога сме болни или слушањето зборови полни со длабоки емоции што ги изговараат нашите родители.

*Постигнувањето* е во врска со нашите достигнувања – победите на натпреварите, постигнувањето успех во кариерата или остварувањето на некоја голема цел.

Халовел истакнува дека нашето општество сè повеќе е посветено, опседнато и ропски посветено на постигнувањето, а сè повеќе го доживува банкротот и осиромашувањето кога е во прашање поврзувањето.

Постигнувањето е добар потфат – кога ќе се оствари на вистински начин и од вистински причини. Но тоа не е замена за поврзување. Всушност, ако се направи добро, тогаш мора да биде во чест на заедницата. Единствени вистински значајни постигнувања се оние кои го збогатуваат животот на заедницата.

**Постигнувањето е добар потфат - кога ќе се оствари на вистински начин и од вистински причини. Но тоа не е замена за поврзување.**

Значи иронично е што остварувањето, кое е цел самото за себе, стана некој вид идол во нашето друштво. Никогаш не познавав никого кој доживеал неуспех во меѓучовечките односи – кој бил изолиран, осамен,

неповрзан, кој немал вистински пријателства, а сепак да имал исполнет живот со смисла и со радост. Дваесеттиот век беше полн со луѓе кои постигнале големи работи, но тие никогаш не биле поврзани со другите. Со луѓе кои натрупувале огромно богатство, слава или моќ, но кои никогаш не стекнале отворено срце. Со луѓе кои имале ролодекс контакт (ролодекс: ротационен уред за чување информации за деловните контакти), но немале ниту еден единствен пријател. Секој од нив умрел со горчлива тага. Секој.

И обратно, никогаш не сум запознал некој што успеал во односите – што негувал големи пријателства, бил посветен на своето семејство, владеел со вештината на давање и примање љубов, а сепак да имал лош живот.

Без оглед колку малку пари имаме, без оглед на која пречка од некоја вкупна скала на успехот сме, на крајот на краиштата она што секој ќе го открие е дека она што е важно – се другите луѓе. Човечките суштества кои ги градат меѓучовечките односи – кои имаат пријатели со кои се смеат, со кои плачат, со кои учат, со кои се расправаат, со кои играат, со кои живеат и кои ги сакаат и со кои стареат и умираат – тоа се човечки суштества кои имаат величествен живот.

На крајот од својот живот, ниту еден од нив не жали што се посветил на луѓето, на своите пријатели, на своите соседи, на своите деца, на своето семејство. Ниту еден.

## „Празнина на човечкиот облик“

Ние сме создадени да го запознаеме единството. Затоа осаменоста е толку болна.

Во извештајот за создавањето во Првата книга Мојсеева, еден мал рефрен постојано се повторува:

„И рече Бог... и така стана... и виде Бог дека е добро“.

Пишувачот нагласува дека сѐ што постои е активност без напор на неописливо моќниот Бог и дека сѐ е неискажливо прекрасно:

Тоа е песна за создавањето: „И рече Бог... и така стана... и виде Бог дека е добро“.

Сѐ до последниот чин, кога песната се прекинува со болен крик.

Бог го создава човекот според своето наличје. Бог гледа во тој човек кој го носи неговото наличје и вели: „Не е добро“. Зошто Бог гледа во човекот и вели „Не е добро“? Затоа што жената е посовршено суштество?

Не! Ова е радикален коментар за основното значење на меѓучовечките односи.

Она што е впечатливо е дека гревот сè уште не е сторен. Нема грев, нема непослушност, нема ништо што би го поматило односот помеѓу Бог и човекот.

Човечкото суштество е во состојба на совршена блискост со Бога. Секој збор што го изговорат еден на друг е исполнет со блискост и радост; човечкото суштество оди со Бога по градината кога ќе заладии. Неговиот сезнаен, полн со љубов создател целосно го познава и го сака. Но, сепак, зборот што Бог го употребува за да го опише е „сам“. Бог вели дека таа самотија „не е добра“.

Понекогаш во црковните кругови кога луѓето се чувствуваат осамени, им велиме да не очекуваат премногу од меѓучовечките односи, дека во секое човечко суштество постои празнина што може да се пополни со божествен облик, а неа ниту една друга личност не може да ја пополни. Тоа е точно. Но според пишувачот на Првата книга Мојсеева, Бог очигледно во човекот создава некаква „празнина којашто може да ја пополни само човечки облик“, а неа ниту самиот Бог не сака да ја пополни.

Никаква замена не може да ја пополни таа потреба во тебе за меѓучовечки однос:

ниту парите,
ниту постигнувањата,
ниту работата,
ниту книгите,
ниту самиот Бог.

Иако овој човек (Адам) бил во состојба на безгрешно совршенство, бил „сам“. А тоа не било добро.

> **Заедница е она за што си создаден. Тоа е Божјата желба за твојот живот. Тоа е неизбежен услов за човечкиот процут.**

Заедницата е она за што си создаден. Тоа е Божјата желба за твојот живот. Тоа е неизбежен услов за човечкиот процут. Според Жан Ва-

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски", Скопје

279:316.472

**ОРТБЕРГ, Џон**
Секој е нормален додека не го запознаеш / Џон Ортберг ; [превод Весна Станковска]. - Скопје : Знаци на времето, 2014. - 262 стр. ; 20 см

Превод на делото: Everybody's Normal Till You Get to Know Them / John Ortberg. - Библиографија: стр. 246-260

ISBN 978-9989-659-77-5

I. Ortberg, John види Ортберг, Џон
а) Христијанство - Социјални односи

COBISS.MK-ID 97337098